Врз основа на член 110-е став 8 од Законот за Социјална заштита (Службен весник на Република Македонија бр. 79/09, 36/11, 51/11, 166/12, 15/13, 79/13, 164/13, 187/13, 38/14,44/14,116/14,180/14, 33/15, 72/15, 104/15 , 173/15,30/16,163/17 и 51/18 ) и член20 за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/41, 199/14 и 27/16)35/2018), по добиена Согласност од Министерство за труд и социјална политика бр.14-7624/4 од 21.08.2018 година, и Одлука на В.Д. Директорот на ЈУ Специјален завод Демир Капија ,се објавува :

**ИНТЕРЕН ОГЛАС БР.01/2018**
**ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА 2 ДАВАТЕЛИ НА УСЛУГИ ВО**
**ЈУ СПЕЦИЈАЛЕН ЗАВОД ДЕМИР КАПИЈА**

1. 1(еден ) извршител за работно место – **Инструктор** во Службата за институционално згрижување на корисници во Одделот за здравје и нега на корисници со шифра на работното место СОЗ0303Б02004 со звање на работното место –помошно стручен службеник од II ниво

2. 1 (еден ) извршител за работно место – **Лаборант** во Службата за институционално згрижување на корисници во Одделот за здравје и нега на корисници со шифра на работното место СОЗ0303Б02008 со звање на работното место –помошно стручен службеник од II ниво

Кандидатите кои ќе конкурираат за секое од наведените работни места, потребно е да ги исполнуваат следните Општи услови утврдени со Закон:

- да е државјанин на Република Македонија;
- да е полнолетен;
- да има општа здравствена способност за работното место и
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана за вршење на професија, дејност и должност.

Интерниот оглас трае 5 (пет) работни дена од денот на објавување.

**Распоред на работното време :**

**-за инструктор работно време** е во 2 смени прва од 07,00 до 15,00 часот и втора од 11,20 до 19,20 часот со 40 работни часа неделно,

**- за лаборант работното време е од понеделник до петок од 07,00 до 15,00 - 40 часа неделно.**

**Плата:**

Основната плата за инструктор е : 15.150,00 денари.
Основната плата за лаборант е : 14.644,00 денари

2 **Посебните услови предвидени за работните места :**

**-За инструктор** за ниво Б2 најмалку ниво на квалификации IV, 240 кредити според ЕЦВЕТ или МКСОО или четиригодишно средно образование (Средно стручно образование- прехранбена, електротехн ичка, економска).

**-За лаборант** за ниво Б2 најмалку ниво на квалификации IV, 240 кредити според ЕЦВЕТ или МКСОО или четиригодишно средно образование (Средно медицинско образование - лаборант).

На интерниот оглас може да се јави давател на услуга вработен во ЈУ Специјален Завод Демир Капија ,кој ги исполнува општите и посебните услови за пополнување на работното место пропишани за соодветното ниво со Законот за социјална заштита и Правилникот за систематизација на работните места во ЈУ Специјален Завод Демир Капија ,како и следните услови:

-Да е отценет со оцена најмалку задоволува,, при последното отценување

-да е на работно место на непосредно пониско ниво или да е на работно место во рамки на истата категорија во која е работното место за кое е објавен интерниот оглас

-да поминал најмалку две години на тековното работно место

-да не му е изречена дисциплинска мерка во последната година пред објавување на интерниот оглас

Заинтересираниот давател на услуга,поднесува пополнета пријава и докази за податоците содржани во пријавата преку архивата на ЈУ Специјален завод Демир Капија

Кандидатите кон пријавата, покрај доказите за исполнување на општите и посебните услови можат да ги приложат и следните докази:

-потврда за успешно реализирани обуки

Рокот за поднесување на пријавата со доказите трае 5 (пет) дена од денот на објавување на веб страната на ЈУ Специјален завод Демир Капија.

Во пријавата кандидатите се должни под материјална и кривична одговорност да потврдат дека податоците во пријавата се точни, а доставените докази се верни на оригиналот.

НАПОМЕНА :

Ненавремената, нецелостата и неуредно пополнета пријава, нема да се разгледува.

Кандидатот кој ќе внесе лажни податоци во пријавата, ќе биде дисквалификуван од натамошна постапка.

Бараните документи се доставуваат во затворен коверт со напомена: "Да не се отвора" на следнава адреса:
ЈУ Специјален Завод Демир Капија
Архива на Установата
(со назнака "за интерен оглас")

ЈУ Специјален Завод Демир Капија

**ВД Директор**
**Александра Велковска**